

# Ана Петровска

**Година на раѓање:** 1962
**Степен на образование:** Дипломиран инженер архитект
**Работно искуство:** 30 години

**Релевантно искуство во областа:**
Ана Петровска е архитект, простоен планер и екологист со професионално искуство од над 30 години. Работела во Градежен институт Македонија (ГИМ), Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (сега Агенција за планирање на просторот), АБЦ Консалтинг, ДХВ Води (од Холандија) и Регионален центар за животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ).

Уште во 1989 година се вклучува во првиот еколошки проект во земјата - Студијата за заштита на реката Вардар од загадување; работела и на првиот катастар на загадувачи на реките во Македонија во 1994 година. Во периодот од 1997-1998 година ги поставува темелите на заштитата на животната средина во Просторниот план на државата. Во 2000-2002 година раководи со изработката на Просторниот план за заштита на изворот Рашче и во истиот период ги интегрира аспектите на животната средина во рамките на Генералниот урбанистички план за Скопје (ГУП). Учествувала и во изработката на првиот Локален еколошки акциски план за Градот Скопје. Работела на важни национални стратегии, планови, физибилити студии и инвестициски проекти: физибилити студија за управување со отпад во Југозападна Македонија (2002-2004), Националниот план за управување со отпад (2004-2005), Национален развоен план (2005, сектор животна средина), Национална стратегија за инвестиции во животната средина (2007-2008), проект за издавање на управувањето со отпад во Југоисточниот и Полошкиот плански регион под концесија (2009-2014), Дијалог платформа за сузбивање на плутачкиот отпад во регионите на Јадранското Море, Дрина-Тара-Сава и Шар Планина (2015-2015) и многу други. На меѓународно ниво, била помошник - раководител на работната група за паметни мрежи и енергија во рамките на Платформата за паметни градови (2011-2012, Европска Комисија)

и раководела со глобалниот проект за подобрување на квалитетот на горивото и електрификација на транспортот за Западен Балкан (2008-2018 година, УНЕП).

Државна функција извршувала од јуни 2018 до август 2021 година. Како Државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање координира повеќе важни процеси: Законот за индустриски емисии, проектот за чистење на линданот во Охис, Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион. Како директор на Државниот испекторат за животна средина ги зајакна инспекциските контроли, го зголеми бројот на надзори, го олесни пријавувањето на загадување од страна на граѓаните и ја зајакна соработката со граѓанскиот сектор.